Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 20-г од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20), член 11 и член 11-б од Законот за Пожарникарство, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19), и согласно Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ во општина Виница бр. 01-461/2 од 26.05.2023 Општина Виница објавува:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 04-29/4
10 01 2025 год
ВИНИЦА

ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2025
за вработување на неопределено време

Општина Виница објавува Јавен оглас за вработување на овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари за следното работно место:

1. **ПОЖ 02 10 В03 000 - Пожарникар спасител - техничар, во Територијалната противпожарна единица - Виница .....1 извршител**

Кандидатот потребно е да ги исполнува следните услови:

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- активно да го користи македонскиот јазик.

Посебни услови

- ниво на квалификации: квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование
- најмалку една години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж

Други посебни услови

- Возачка дозвола Ц категорија

Работни компетенции:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон засегнати страни.

Кандидатот е должен покрај пријавата за вработување по јавен оглас бр. 01/2025, да ги достави и доказите за исполнување на горенаведените услови во оригинал или заверени на нотар и тоа:

- доказ за државјанство;
- доказ дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- доказ за завршен соодветен степен на образование;
- доказ за работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж;
- доказ за здравствена и психофизичка способност утврдено од овластена здравствена установа согласно со закон;
- доказ за возачка дозвола Ц категорија.

Работното време е организирано во смени и трае од 07 до 19 часот и од 19 до 07 часот.

Паричен нето износ на плата: 31.977,00 денари за работното место.

Работни часови неделно: 40 работни часа.

Кандидатите може да ја преземат Пријавата за вработување по јавен оглас бр. 01/2025 од веб страната на општина Виница www.vinica.gov.mk или од архивата на општина Виница на адреса ул. „Бел Камен“ бр. 13, Виница.

Заинтересираните кандидати бараните документи да ги достават во архивата на општина Виница на адреса ул. „Бел Камен“ бр. 13, Виница со назнака **„за јавен оглас бр.01/2025“.**

Рокот за доставување на пријавите со доказите изнесува 5 (пет) дена од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавите кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава нема да биде предмет на разгледување.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Информација за начинот на спроведување на постапката за селекција на кандидати за вработување:
Фаза 1: проверка на пријава и докази – се спроведува во рок од 8 дена од завршувањето на објавениот оглас. Доколку недостасува некој доказ, Комисијата за селекција ќе го контактира кандидатот преку неговата e-mail адреса или на телефонскиот број во пријавата и тој во рок од три дена треба да

ги комплетира доказите, во спротивно пријавата ќе биде отфрлена. Пријавата се отфрла и доколку доказот/доказите се лажни.
Фаза 2: Проверка на физичката способност на кандидатите од страна на Комисија за проверка на физичката способност формирана од градоначалникот на општина Виница.
Фаза 3: Интервју на селектираните кандидати – се спроведува во рок од 10 дена по спроведената втора фаза од селекцијата.

Рок за избор на кандидат: 45 дена од денот на објавувањето.

општина Виница
градоначалник
Миле Петков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ВИНИЦА
ОПШТИНА ВИНИЦА